**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

Бр. 12-783/2

Скопје 07.03.2022 г.

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

ул. Македонија бр.38
1000 Скопје
Република Северна Македонија

Тел. + 389 2 3103 400

www.avmu.org.mk
www.avmu.mk
contact@avmu.mk

INTERCERT system certification ISO 9001:2015 CERTIFIED

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги како имател на информации, врз основа на член 20 став 1 алинеи 1 и 15[1], од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20 и 77/21), а согласно член 20 став 1, член 21 и член 27 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.101/19) и член 88 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр.124/15), постапувајќи по Барањето за пристап до информации од јавен карактер бр.0302-123/1 од 23.02.2022година (наш.арх.бр.12-783/1 од 25.02.2022 година), поднесено од барателот на информација Здружение на граѓани Центар за граѓански комуникации,

застапник/полномошник на барателот на информацијата

на ден 07.03.2022 година донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**1. ПОЗИТИВНО СЕ ОДГОВАРА** на Барањето за пристап до информации од јавен карактер, бр.0302-123/1 од 23.02.2022 година (наш.арх.бр.12-783/1 од 25.02.2022 година), од барателот на информација Здружение на граѓани Центар за граѓански комуникации,
во однос на следните информации од јавен карактер:

1. Податоци за сите менаџерски договори склучени во периодот од 01.01.2011 до 31.12.2021 година во однос на:
   1.1. Име и презиме со лицето со кое се склучени;
   1.2. Позицијата во акционерското друштво;
   1.3. Датум на склучување;
   1.4. Времетраење на договорот;
   1.5. Месечен надомест (плата или друг вид на надомест);
   1.6. Други предвидени бенефиции согласно договорот (бонуси, осигурување, отпремнина и сл.) и
   1.7. Копија од договорите.
2. Податоци за исплатените отпремнини во случај на предвремен раскин на менаџерските договори склучени во периодот од 01.01.2011 до 31.12.2021 година:
   2.1. Датум на исплатата;
   2.2. Основата за исплатата;
   2.3. Лицето на кое е извршена исплатата и
   2.4. Висината на износот на отпремнината.

[1] Алинеите 8 и 9 се избришани, види: член 8 од Законот за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.248/18)

**2. СЕ ОВОЗМОЖУВА ЦЕЛОСЕН ПРИСТАП** до бараната информација од јавен карактер, и тоа:

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги нема склучено менаџерски договори во периодот од 01.01.2011 до 31.12.2021 година.

**О б р а з л о ж е н и е**

До Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги како имател на информации, од барателот на информација Здружение на граѓани Центар за граѓански комуникации, [redacted], преку застапник/полномошник на барателот на информацијата [redacted] поднесено е Барање за пристап до информации од јавен карактер бр.0302-123/1 од 23.02.2022 година (наш.арх.бр.12-783/1 од 25.02.2022 година), со кое се бара пристап до информации од јавен карактер во однос на склучени менаџерски договори во периодот од 01.01.2011 до 31.12.2021 година.

По извршениот увид Агенцијата утврди дека располага со бараната информација од јавен карактер и дека не постојат законски причини за нејзина недостапност, поради што се овозможи целосен пристап до бараната информација, која е наведена во точка 2 од диспозитивот на ова Решение.

Во врска со напред наведеното, врз основа на член 20 став 1 алинеи 1 и 15 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20 и 77/21), а согласно член 20 став 1, член 21 и член 27 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.101/19) и член 88 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр.124/15), се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Службено лице за посредување со информации

__________________________

Цветанка Митревска

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Директор,**

__________________________

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**

**Правна поука:** Против ова решение барателот на информација може да поднесе жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер.

**Доставено до:**

- Подносителот на барањето за пристап до информации од јавен карактер,
- Службено лице за посредување со информации на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,
- Архивата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.